МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 147 став (9) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 53/11 и 55/12), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ОЗНАКА ЗА ГАРАНТИРАН ТРАДИЦИОНАЛЕН СПЕЦИЈАЛИТЕТ (*)

*Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр.1216/2007 од 18 октомври 2007 год. со која се утврдуваат деталните правила за спроведување на Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 509/2006 за заштита на земјоделски и прехранбени производи како гарантирани традиционални специјалитети, CELEX бр. 32007R1216

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за регистрација на ознака за гарантиран традиционален специјалитет.

## Член 2

(1) Барањето за регистрација на ознака за гарантиран традиционален специјалитет се поднесува во писмена и електронска форма на образец со А4 формат во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Барањето од став (1) на овој член содржи:

а) Назив на земјоделскиот или прехранбениот производ;

б) Податоци за групата која го поднесува барањето:

- назив;

- адреса;

- број на телефон, факс и e-mail адреса;

- правен статус;

- број на членови;

- број на решението за регистрација, како и датумот и местото на издавање на решението;

- единствен матичен број (ЕМБГ или ЕМБС);

- име и презиме, адреса и број на одговорното лице на групата кое го поднесува барањето и

- име и презиме, адреса и број на лицето кое е ополномоштено да ја застапува групата;

в) Податоци за членовите кои ја сочинуваат групата:

- реден број;

- назив на правното или физичкото лице;

- адреса или седиште;

- дејност и

- единствен матичен број (ЕМБГ или ЕМБС)

г) Податоци за верификационото тело:

- назив и

- адреса, број на телефон и e-mail

д) Останати потребни документи што се поднесуваат во прилог на барањето:

- заверена фотокопија од решението за регистрација на групата;

- статут на групата;

- потврда за соодветност на спецификацијата со производот, што ја издава верификационото тело;

- полномоштво за лицето кое ја застапува групата која го поднесува барањето;

- спецификација и

- доказ за традиционалниот карактер на производот

- Датум и потпис на подносителот на барањето.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 11-5418/3 | Министер за земјоделство, |
| 6 јуни 2012 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | Љупчо Димовски, с.р. |

Прилог

# Образец на барањето за регистрација на ознака за гарантиран традиционален специјалитет

а) Назив на земјоделскиот или прехранбениот производ (*за кој се бара регистрација на ознака*):

| |
|---|
| |

б) Податоци за групата која го поднесува барањето:

| | | |
|---|---|---|
| назив: | | |
| | | |
| адреса: | | |
| | | |
| број на телефон, факс и e-mail адреса: | | |
| *tel:* | *fax:* | *e-mail:* |
| правен статус: | | |
| | | |
| број на членови: | | |
| | | |
| број на решението за регистрација, како и датумот и местото на издавање на решението: | | |
| | | |
| единствен матичен број (ЕМБГ или ЕМБС): | | |
| | | |
| име и презиме, адреса и број на одговорното лице на групата кое го поднесува барањето: | | |
| | | |
| име и презиме, адреса и број на лицето кое е ополномоштено да ја застапува групата: | | |
| | | |